- Бидете внимателни и не објавувајте премногу лични информации и податоци на интернет;
- Не им верувајте на инстант пријателите на социјалните медиуми;
- Не испраќајте несоодветни фотографии, видеа со порнографска содржина;
- Бидете внимателни и не  се изложувајте како лесен плен -трговците ги таргетираат оние кои се ранливи и покорни;
- Не верувајте во оние што на брз начин ви нудат слава и богатство;
- Не замајте скапи подароци од непознати лица;
- Зголемете ја самодовербата, научете да се одбраните, учете боречки вештини;
- Едуцирајте се што е можно повеќе.

## ШТО ДОКОЛКУ ВАШЕТО ДЕТЕ Е ВО НЕВОЉА?

Една од најважните работи што може да ја направите е да поттикнете отворена комуникација со вашите деца.



Отворена комуникација за нивните  љубовни-емотивни врски и новите пријателства е клучна. Ако вашето дете е таинствено за новата врска и затворено во себе, тогаш треба да се уклучи аларморт за предупредување.

Исто така многу е важно вашето дете да се чувствува згрижено и сакано. Особено во оние ранливи од 10-14 години кога тие се најмногу изложени да бидат цел на измамници. Девојчињата и момчињата на оваа возраст често поминуваат низ многу промени и се соочуваат со малтретирање или проблеми со самодовербата.

Да се има втемелени чувства на припадност и заштита е од огромно значење, ги спречува предаторите да ја почувствуваат празнината и да ја пополнат.

**НИКОГАШ НЕ Е ДОЦНА ДА СЕ ПРОГОВОРИ!**

**СЕКОГАШ ИЗБЕРЕТЕ ДА СТЕ БЕЗБЕДНИ, ОТКОЛКУ ДА НЕ КАЖЕТЕ НИШТО!**

**ПОСТОИ ДОСТАПНА ПОДДРШКА ЗА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ЖРТВИ И ЖРТВИ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

## ПРИЈАВУВАЊЕТО МОЖЕ ДА БИДЕ АНОНИМНО!

Контакти за пријавување и упатување:

- Бесплатна СОС линија **0800 11111**
- Центар за жртви **070 359 971**
- Отворена порта **2777 070**
- Полиција - единица за борба против трговија со луѓе **192**

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИЗБЕГНИ ЈА МОЖНОСТА ДА СИ ЖРТВА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ – ПРЕПОЗНАЈ ГИ ЗНАЦИТЕ

# ШТО Е ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ?

Трговија со луѓе претставува регрутирање, транспорти-рање, пренесување, засолнување, купување и продавање деца, мажи и жени преку употреба на сила, принуда, злоупотреба на ранливост, измама или други недозволиви средства со цел за експлоатација.

# КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ЖРТВА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ?

Секој може да биде жртва! Без разлика на возраст, пол, раса, религија или национална припадност. Може жртвата да потекнува од било кој дел на социо-економскиот спектар. Сепак жртвите со одредени карактеристики и потекло, се полесен плен на трговците со луѓе за разлика од другите.



Трговците имаат тенденција да ги избираат своите жртви меѓу економски и социјално ранливи членови во општеството. Поверојатно е тие лица да се малолетни лица, нестабилни, очајни, лесно подводливи, или се претпоставува дека се навикнати на злоупотреба и ретко кој се залага за нив (ги штити).

Млада личност која е зависна од психоактивни супстанци или млад човек кој доживува физичко или сексуално насилство е "главен кандидат" за сексуална трговија со луѓе.

# КАКО СЕ РЕГРУТИРААТ- ПРИМАМУВААТ ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ?

Трговците вообичаено не употребуваат сила, тие тоа го прават на суптилен начин преку користење на: психолошки техники, информирање на социјални медиуми за добра заработка со лажни ветувања, висока плата, добар квалитетен живот, заминување во западните земји, па дури и романтични понуди можат да бидат дел од измамата.



# ФОРМИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Принудна работа-трудова експлоатација**

Мигранти -работници се особено атрактивна цел за трговците. „Зделките" што ги добиваат од трговците вообичаено вклучуваат опасни работни услови и доаѓаат во стапица со должничко ропство. Мора да отплатат долг кон работодавецот за патните трошоци, соба и храна кои се зголемуваат побрзо одошто може работникот да заработи и да го исплати.

**Сексуална трговија и принудни бракови**

Познато е дека повеќето силувања се извршени од познато лице. Вообичаено на ист начин се случува и сексуалната трговија. Жртвите се сексуално експлоатирани за профит од блиски лица или лица што ги познаваат.

Понекогаш трговците вклучуваат и други млади лица со исти интереси како жртвата за да помогне во измамата и да влијае врз жртвата.

За жал, дури и членови на семејство можат да бидат соучесници на трговците за сексуална експлоатација.

Пример, сиромашни родители ги продаваат своите деца или принудуваат на брак за финансиска добивка што помага да се прехрани остатокот од семејството.

**Присилен криминал, принудно питачење**

Децата можат да бидат принудени на питачење од нивните родители, браќа и сестри, старатели или од трето лице, вклучувајќи и криминални банди, далечни роднини, соседи или семејни пријатели.

Познато е дека децата се принудени да продаваат ситници, да забавуваат минувачи или пак да изгледаат повредено за да предизвикаат сочувство од минувачите. На жртвите од принудно питачење дури им се даваат реквизити како патерици да привлечат поголемо внимание. Жртвите често се соочуваат со можноста да бидат тепани, да добиваат закани за тепање и постојано да чувствуваат психолошки притисок.

**Отстранување органи**

Жртвите на трговија со луѓе со цел отстранување на органи често се регрутираат од ранливи групи, најчесто се оние кои живеат во екстремна сиромаштија. Трговците со луѓе често се дел од транснационални организирани криминални групи. Организираните криминални групи намамуваат луѓе во странство под лажни ветувања, па потоа ги убедуваат или ги принудуваат да ги продадат своите органи. Примателите на органите плаќаат многу поголема цена од онаа што ќе ја добие донорот.

Трговците со органи профитираат во сенка, додека деструктивениот медицински отпечаток е единственото нешто што се чувствува од страна на жртвата.

# КАКО ДА ЈА ИЗБЕГНЕТЕ МОЖНОСТА ДА СТАНЕТЕ ЖРТВА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ?

Несреќна реалност на трговијата со луѓе е дека не е само доволно да се научи како да се избегнат „опасностите од страна", туку мора да се земат предвид опасностите дека членови на семејство, интимни партнери, соседи или познаници можат да бидат чувари на мрачниот свет на трудова и сексуална експлоатација (особено на ова подлежат деца под 18 години).

Клучниот совет: Без разлика колку и да сте „притиснати" од животот и борбата за подобра иднина, внимавајте на „инстант" пријатели и понуди за работа кои изгледаат „премногу добри за да бидат вистинити".

Превентивни мерки што жените и мажите можат да ги превземат за да ја избегнат можноста да станат жртви на трговија со луѓе